[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**


Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk


Архивски бр. 11-1596/16
Дата: 30.05.2012

До : “МЕТРУДХЕМ“ ДООЕЛ
ул. “Партизански одреди“ бр. 62/2-19
Скопје

Предмет : Доставување на Решение

Почитувани,

Согласно Вашето известување за намера за изведување на Проектот: “Топилница за олово и цинк Велес“ во општина Велес со број 11-1596/14 од 03.05.2012 година во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението за утврдување на потребата од оцена на влијанието врз животната средина на проектот: “Топилница за олово и цинк Велес“ во општина Велес.

Со почит,

Изготвиле: Влатко Цветаноски
Хусни Тачи

Проверил: м-р Зоран Бошев

Одобрил: Филип Иванов

**МИНИСТЕР**
**m-r Abdilaqim Ademi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И
ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11 – 1596/16
Дата: 30.05-2012
Скопје

Врз основа на член 81 став 4 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на потреба од оцена на влијание врз животната средина**

1. Се утврдува потребата од оцена на влијанието врз животната средина на проектот: "Топилница за олово и цинк Велес" во општина Велес, за потребите на инвеститорот "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје.
2. Согласно член 81 став 4 од од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/10 и 51/11), по добивањето на ова Решение, инвеститорот "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје е должен до Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесе барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

*Образложение*

На ден 03.05.2012 година, инвеститорот "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје до Министерството за животна средина и просторно планирање достави Известување за намера за изведување Проектот: "Топилница за олово и цинк Велес" во општина Велес со број 11-1596/14. Во известувањето инвеститорот "МЕТРУДХЕМ" ДООЕЛ од Скопје наведува дека има намера повторно да воспостави производство на олово и цинк користејќи ја локацијата, дел од опремата и инфраструктурата на Топилница за олово и цинк во Велес. Проектот е планиран да биде со капацитет на производство од 100.000 тони сурови метали годишно. Во процесите ќе бидат користени 180.000 тони основни суровини и топители годишно, а процесите вклучуваат:

- Прием и складирање на суровини;
- Постројка за синтерување (агломерационо пржење) на ситнозрни концетрати;
- Постројка за производство на сулфурна киселина;
- Постројка со Imerial Smelting шахтна печка за редукција и топење на метlични минерали;
- Рафинерија за цинк, за рафинирање на суровиот цинк од кондензаторот на шахтната печка;
- Рафинерија за олово, за рафинирање на сурово олово и сребро;
- Енергетски објекти (трафостаници, пумпни станици за процесна вода, котлара, машинска работилница);

Министерството за животна средина и просторно планирање, по добивање на известувањето пристапи кон разгледување на истата. Согласно член 81 од Законот за животна средина, постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанијата на проектите врз животната средина се врши за проекти определени согласно член 77 од Законот за животната средина.

Согласно Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 74/05, 109/09) предложениот проект се наоѓа во Прилог 1 – Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина ,точка 4 – Инсталации за: примарно топење на железо и челик, вклучувајќи и лиење, и производство на сурови обоени метали од руда, концетрати или секундарни суровини, со металуршки, хемиски или со електролитски процес и за истиот задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

Исто така согласно член 81 став 4, инвеститорот е должен врз основа на известувањето за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, да поднесе барање за определување на обемот на оцена на влијанието врз животната средина односно по добивањето на решението, како услов за продолжување на постапката.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 2 од Законот за животна средина.

Изготвиле: Влатко Цветаноски
Хусни Тачи

Проверил: м-р Зоран Бошев

Одобрил: Филип Иванов

МИНИСТЕР
m-r Abdilaqim Ademi